| | | |
|---|---|---|
| Arabic | عربي | 9209 0131 |
| Croatian | Hrvatski | 9209 0132 |
| Greek | Ελληνικά | 9209 0133 |
| Italian | Italiano | 9209 0134 |
| Macedonian | Македонски | 9209 0135 |
| Serbian | Српски | 9209 0136 |
| Spanish | Español | 9209 0137 |
| Turkish | Türkçe | 9209 0138 |
| Vietnamese | Việt-ngữ | 9209 0139 |
| All other languages | | 9209 0140 |
| English | | 9209 0141 |

local call costs apply

Информативна линија 9249 4036

Brimbank City Council е определен кон унапредување на рекреацијата и добросостојбата на заедницата со обезбедување на сите граѓани можност да учествуваат во спортски и рекреативни програми.

Brimbank City Council организира повеќе од 50 индивидуални курсеви за граѓаните во секој училишен семестар на бројни локации во општината. Овие активности се достапни за луѓето од сите возрасти, културни потекла и способности.


**Brimbank City Council**

PO Box 70,
Sunshine VIC 3020

Телефон 9249 4000
Телефакс 9249 4351
Е-пошта info@brimbank.vic.gov.au
Интернет страна www.brimbank.vic.gov.au


За понатамошни информации или ако сакате да добиете брошура јавете се на (03) 9249 4854 или појдете на www.brimbank.vic.gov.au

# Дигнете ја раката

Brimbank City Council



Вашите идеи ќе помогнат да се развива нашата заедница

Грантови за заедницата на Brimbank 2011/12 отворено од 4 јули до 19 август 2011

## Совети за составување на барањата

BRIMBANK
COMMUNITY GRANTS 2011/12

## Важни работи кои треба да се земат предвид кога планирате проект:

### ЗОШТО

**Која е потребата за тоа?**
**Зошто сакаш да го направиш?**
**Која е корист за заедницата?**
**Зошто заедницата ќе го подржи?**

### ШТО

**Што треба да се направи?**
**Кои работи ќе треба да ги организирате?**

### КОЈ

**Кој ќе ја изврши работата?**
**За кого е?**
**Колку луѓе ќе бидат вклучени?**
**Има ли и други групи вклучени?**

### КОГА

**Кога ќе се случи?**
**Колку долго ќе трае?**

### КАДЕ

**Каде ќе се случи?**
**Дали местото е расположиво?**
**Дали местото е соодветно?**
**Дали луѓето ќе може да дојдат лесно до местото?**

### КАКО

**Колку ќе чини?**
**Ќе добиете ли помош од други луѓе или организации?**

## Корисни совети за вашето барање:

- Контактирајте го службеникот за одобрување на грантови во Општината или друг службеник во Општината и прашајте ги дали ќе може да ви помогнат со барањето.
- Ако ви треба помош со преведувач или било какви преведени информации контактирајте го соодветното лице за грантови.
- **Прочитајте ги внимателно** сите насоки и формуларот за барање.
- **Дознајте** кога е рокот за поднесување на барањето и дајте си доволно време за подготовка.
- **Бидете јасни** за оној кој ќе го чита барањето да му биде јасно што е проектот, од каде е вашата организација и со што се занимава.
- **Одговорете** на сите прашања.
- **Користете докази** за подршка на вашето барање.
- **Подгответе буџет** кој ќе ги покаже сите главни трошоци на проектот. Покажете ги и доприносите од вашата група или други луѓе, вклучувајќи донации и доброволни часови (ова се нарекува ‘in-kind’).
- Важно е да се **контактираат организациите** од кои барате средства за вашиот проект. Телефонирајте на одговорното лице за грантови за да:
  - Се осигурате дека вашата организација и вашиот проект ги **исполнуваат барањата за грантови**
  - Дознајте дали треба да вклучите **писма на подршка** или да доставите други информации
  - Дознајте што ќе треба да сторите **ако вашето барање е одобрено**, како составување на извештај на крајот од проектот
  - **Побарајте повеќе информации** или помош со вашето барање ако ви е потребно
- Настојувајте да го **отчукате барањето** или да ја напишете читко со рака.
- Прашајте некого дали може да ја **прочита молбата пред да ја испратите**, можеби некој од организација на заедницата.
- **Ако не ви се одобри грантот, јавете се на одговорното лице и прашајте зошто. Ова може да ви помогне да го подобрите барањето наредниот пат.**

***Разговарајте со одговорното лице за грантови или закажете состанок да се сретнете, тоа ќе може да ви помогне со новото барање и да одговори на прашањата за грантовите и да ви каже што тие очекуваат од барањето.***